## 3.5 Менаџмент информациони системи

| Прилог бр.3.5 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | МЕНАЏМЕНТ ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ | | | |
| 2. | Код | БАС-11МИС | | | |
| 3. | Студиска програма | Бизнис менаџмент, Маркетинг менаџмент, Менаџмент на квалитет | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Бизнис академија Смилевски – БАС | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 1 | семестар | 1 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 4 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф. д-р Тони Соклевски | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | / | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Цели на предметната програма (компетенции):<br>• Разбирање на улогата на податоците и информациите во современото организациско окружување;<br>• Стекнување знаења, вештини и способности за системска анализа и дизајн на системи во организациски рамки;<br>• Разбирање на потенцијалите на МИС и дигиталната трансформација во организациите;<br>• Разбирање на деловните организациски процеси, архитектуирање и поврзување во МИС како дел од електронското раководење;<br>• Способност за разликување на различните компоненти на МИС системот и нивната меѓусебна поврзаност;<br>• Разбирање на улогата на менаџерските информациски системи во контекст на процесот на донесување одлуки;<br>• Моделирање на менаџерските информациски системи.<br><br>Резултати од учењето:<br>• Студентите ќе имаат солидно разбирање на основните концепти на информациските системи, вклучувајќи видови на системи (трансакциски, управувачки, одлуки итн.).<br>• Познавање на стратегиите за интеграција на информациски системи во организациите.<br>• Студентите се запознаени со процесите за развој на софтвер (анализи на барања, дизајн, тестирање и имплементација).<br>• Способност за користење на алатки за менаџирање на проекти за информациски системи.<br>• Разбирање на начинот на кој информациските системи можат да се искористат за оптимизација на бизнис процеси.<br>• Способност за идентификување на информациските потреби на организацијата и предлагање на соодветни решенија. | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Разбирање на етичките дилеми и регулативи поврзани со користењето на информациски технологии.<br>• Познавање на како информациските системи можат да помогнат во донесувањето стратешки одлуки и конкурентноста на пазарот.<br>• Разбирање на улогата на информациските технологии за поддршка на иновациите и растот во организацијата.<br>• Студентите ќе можат да научат како да користат различни алатки за моделирање, анализа и оптимизација на бизнис процеси.<br>• студентите по завршувањето на предметот треба да бидат во можност да применат знаења за информациските системи во бизнис контекст и да разберат како тие системи го подобруваат управувањето со информациите и донесувањето одлуки во организациите. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | ПОГЛАВЈЕ 1: Податоците и информациите во современиот развоен тренд<br>1.1 Податоци и информација: основни концепти<br>1.2 Улогата на информациите во современите<br>1.3 Трендови во обработка и употреба на податоци<br>1.4 Трансформацијата на податоците во информација и знаење<br><br>Резултати од учењето: Студентите ќе се оспособат да ги трансформираат податоците во информации и ќе бидат во тек со трендовите за обработка и употреба на податоците.<br><br><br>ПОГЛАВЈЕ 2: Менаџерски информациски системи<br>2.1. Потреба од информациони системи за менаџментот на деловните систем<br>2.2. Предлог модел на информациони системи во функција на менаџментот на деловните системи<br><br>Резултати од учењето: Студентите ќе се оспособат да креираат предлог на информациони системи во функција на менаџментот на деловните системи за најразлични типови и големини на организации.<br><br>ПОГЛАВЈЕ 3: Компоненти на менаџерски информациски системи<br>МИС Производство<br>МИС Човечки ресурси<br>МИС Логистика и транспорт<br>МИС Финансии и сметководство<br>МИС Истражување и развој<br>МИС Маркетинг<br><br>Резултати од учењето: Студентите ќе се оспособат да ги разликуваат сите компоненти на МИС и за секоја од нив да ги знаат подсистемите и меѓусебната поврзаност како и креирањето на извештаи потребни да се носта вистински одлуки основани на квалитетни податоци и нформации. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Основи на менаџмент | | |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | • Наставата се реализира преку комбинација на интерактивни предавања, практични вежби, студии на случај и индивидуална и групна работа, со цел да се овозможи сеопфатно разбирање на современите концепти и практики<br>• Предавањата се организираат во форма на интерактивна настава каде што студентите се активно вклучени преку дискусии, прашања и мултимедијални презентации. Овој метод овозможува стекнување на теоретски знаења, но и нивна примена преку анализа на актуелни предизвици во областа.<br>• Практичните вежби имаат за цел да ги зајакнат компетенциите на студентите преку симулации, решавање на конкретни задачи и примена на концептите во реални работни сценарија. Преку индивидуални и тимски активности, студентите развиваат аналитички и истражувачки способности, како и практични вештини за подобрување на конкурентноста на компаниите од каде доаѓаат.<br>• Студиите на случај се користат како алатка за подобро разбирање на менаџерските предизвици во реалниот сектор. Преку анализирање на конкретни примери од деловната пракса, студентите развиваат критичко размислување и учат како да ги применат стекнатите знаења за идентификување и решавање на проблемите во областа на менаџментот на информациски системи.<br>• Индивидуалната и групната работа се важен дел од наставниот процес, бидејќи поттикнуваат активно учење, соработка и комуникациски вештини. Студентите имаат можност да работат на самостојни истражувања, како и да презентираат решенија за конкретни предизвици<br>• Со примена на овие наставни и работни методи, студентите се стекнуваат со применливо знаење, критичко размислување и практични вештини потребни за менаџментот на информациски системи. | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 108 часови | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 12 часа |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 24 часа |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 32 часа |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 40 часа |
| 18 | Услови за потпис | 16.1, 16.2 и 17.1 | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | 70 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 0 |
| | 19.3. | Присуство и активност | | 30 |

<table>
<tr><td rowspan="6">20</td><td colspan="3" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 50 бода</td><td colspan="2">5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>51 х до 60 бода</td><td colspan="2">6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>61 х до 70 бода</td><td colspan="2">7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71 до 80 бода</td><td colspan="2">8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81 до 90 бода</td><td colspan="2">9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td colspan="2">10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="3">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="3">Квалитетот на наставата се следи преку неколку механизми:<br>Евалвации од студентите: Редовно спроведување на евалвации за оценување на наставниот процес, со фокус на содржината на предметот, методите на предавање, комуникацијата со студентите и јасноста на наставниот материјал.<br>Самоевалвација на наставниците: Наставниците вршат самооценка на своето предавање, оценувајќи ги своите методи на наставата, нивната ефективност и областите за подобрување.<br>Набљудување на наставата: Редовно набљудување на часовите од страна на колеги или менаџери за квалитет, со цел да се оценат методите на предавање и интеракцијата со студентите.<br>Постигнување на образовни цели и резултати: Анализа на академските резултати на студентите, како и нивните вештини и способности што ги стекнале, во контекст на учењето.<br>Меѓународни акредитации и стандарди: Применување на меѓународни стандарди за квалитет во образованието и вршење на редовни проверки преку акредитации и оценки од надлежни институции.</td></tr>
<tr><td rowspan="9">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Соклевски Т.</td><td>Менаџерски информациски системи - компендиум</td><td>БАС</td><td>2023</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Стевановски М.</td><td>Современиот Бизнис низ Дигиталните Патеки</td><td>ИНУКС</td><td>2023</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Kenneth C. Laudon и Jane P. Laudon</td><td>Management Information Systems: Managing the Digital Firm</td><td>Pearson</td><td>2020</td></tr>
</table>